Здружението за развој на земјоделството и заштита на животната средина преку истражување, едукација и зачувување на биодиверзитетот „ЖИВОТ“ и Адут ГВН од Куманово, поддржани од Комората на органски производители – КОП, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на РС Македонија и Општина Куманово,

Ве покануваме да земете учество на

Седмиот меѓународен саем на органски и традиционални производи
**„ОРГАНСКА ТРПЕЗА“ 2024**
и
Третиот меѓународен саем за земјоделство, технологии, храна и преработки
**„АГРО МАК“ 2024,**

кои ќе се одржат од 27.09. до 29.09.2024 година на Спортско рекреативниот комплекс во Куманово во периодот од 09:00 до 18:00 часот.

Во согласност со идеологијата за здрав органски начин на живеење и делување, во единство со природата и нашите напори во иднина ваквите манифестации да се оддржуваат во природата и оваа година саемите ќе се оддржат на отворено.
Саемите имаат уникатна програма која вклучува повеќе содржински компоненти:

**Прва компонента:** Изложбен дел на кој преку свои штандови учество ќе земат:

- Производители, откупувачи и преработувачи на храна, пијалоци и земјоделски производи
- Производители на, и трговци со амбалажа, алати, опрема, машини и механизација
- Производители и трговци на семе и саден материјал, хортикултура и инпути во земјоделско производство.

**Втора компонента:** Промотивен дел за претставување на:

- Општини, стопански комори, кластери, асоцијации, федерации, задруги, здруженија, владини и невладини организации и агенции;
- Здруженијата на заедниците на националностите во РСМ и здруженијата и организациите кои ги негуваат традицијата, занаетите и фолклорот ќе приредат традиционални трпези на кои ќе презентираат традиционална храна, фолклор и култура.

**Трета компонента:** Едукација

Водени од потребата за размена на научни, стручни и апликативни мислења и практики од областа на земјоделството, добрата земјоделска пракса и производството на безбедна храна, како и потребата за овозможување на научна и стручна соработка
во рамки на саемот ќе бидат организиранитематски мини-форуми и предавања работилници, панел дискусии, на коишто ќе учествуваат:

- Образовни и научни институции:претставници од универзитети, факултети, институти, средни стручни училишта и други.
- Претставници и експерти од секторот за рурален и земјоделски развој и секторот за развој на руралниот туризам
- Нутриционисти, сертификатори и консултанти
- Претставници на државни и локални институции, дипломатски претставништва, мисии и амбасади.
- Претставници на странски и регионални саеми
- Претставници на финансиски институции

**Четврта компонента:** Организирани Б2Б средби и презентации на компании

Од минатата година, се појави значителен интерес за проширување со **Петта компонента**, која вклучува изложба на пердувести животни, ситни украсни животни, аквариумски риби и опрема за лов и риболов.

Секоја компонента ја организираме со одредени партнери, докажани во соодветниот сектор.

Саемите ќе бидат збогатени и со културно-уметничка, сценска програма, музички сегменти и ревија и уметничко-детско катче за најмалите посетители, а ќе се организира и кулинарски настан и меѓународен стручен натпревар на ученици од средни земјоделски училишта.

На саемот активно учество ќе земат околу 20.000 посетители од кои  300 до 500 излагачи од Македонија, Србија, Бугарија, Хрватска, Словенија, Република Српска, Босна и Херцеговина, Словачка, Унгарија,  Црна Гора, Косово, Албанија, Турција и други.

Нашето повеќегодишно искуство во соработка со партнерските саеми „Agrobelgrade“, Белград, „Државен пчеларски саем“, Белград, „Винска Визија Отворен Балкан“,  саем на вино, Белград, „Новосадски земјоделски саем“, Нови Сад, „Шумадијски саем на земјоделие“, Крагујевац, „Саем на Хортикултура“, Крагујевац, „Меѓународен саем на туризам и селски туризам“, Крагујевац, „Пчеларски саем на Југоисточен Балкан“, Врање, „Балкан Еко Фаир“, Врање, „Вурдијада“, Бабушница, „Моја Баница“, Бела Паланка, „Лековито Биље“, Бавaниште, Србија „Саем на земјоделие“, Беране, Црна Гора, Меѓународен саем за земјоделие и храна „Агра“, Радгоња, Словенија, и „Биофах“, Нирнберг, Германија, од оваа година го надоградуваме во соработка и со „ИнтерАгро“, Бјелина, Република Српска.
Целиот настан ќе биде поддржан од издавачки куќи, портали, печатени и електронски медиуми, радија и ТВ куќи.

Свесни сме дека организацијата на вакви настани е комплексна и одговорна работа, која бара навремен пристап и целосна поддршка, како институционална така и економска. Пред сè, сакаме да обезбедиме квалитетни учесници и деловни партнери, на кои им нудиме заедничка соработка за остварување на планираните деловни цели и промотивни активности а прилагодувајќи се на  Вашиот деловен план.

## РАБОТНА СРЕДБА НА ПРЕТСТАВНИЦИ НА НАУКАТА И БИЗНИСОТ „АГРО МАК 2024“

Во рамките на саемот, во салата на Собранието на Општина Куманово, на 28.09.2024 година во 10:00 часот ќе се одржи работна средба на претставници на науката и бизнисот, со цел подготвување на научниот собир, Конференција со тема „ОРГАНСКА И ФУНКЦИОНАЛНА ХРАНА - ИДНИНАТА НА МАКЕДОНИЈА И РЕГИОНОТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА“.

СООРГАНИЗАТОРИ:

Универзитет „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје, РС Македонија, Институт за заштита на растенија и животна средина, Белград, Србија, Центар за истражување, наука, едукација и посредување „ЦИНЕП“, Белград, Србија, Миколошко-гљиварски сојуз на Србија, Државно средно училиште – Регионален центар за стручно образование и обука „Киро Бурназ“, Куманово, РС Македонија, Национален центар за развој на иновации и претприемничко учење, Скопје, РС Македонија, Сојуз на пчеларски организации на Србија, СПОС, Белград, Србија, ECO TECHNOLOGY INC, Меѓународен иновациски клуб „АРХИМЕД“, Москва, Руска Федерација, „FGBNU“, Краснодарски научен центар за сточарство и ветеринарна наука, Краснодар, Руска Федерација.

За сите дополнителни информации, Ве молиме да не контактирате на следниве е-маил адреси: zdruzenie.zivot@gmail.com или  agromak@adut.mk,
Уверени сме дека со досегашната квалитетна работа и содржина на нашите промоции, на саемите и во целосна организација на настаните, ги задоволуваме најсовремените и највисоките стандарди за Вашето учество.
Очекувајќи успешна соработка, со желба да бидете партнер и активен учесник, срдечно Ве поздравувам.

Куманово
24.06.2024г.

Претседател на организациски одбор:
“АгроМак 2024“
Драган Цветковиќ